Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период јануари-март 2025 година

Скопје, мај 2025 година

# 113

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

# 14

случаи на утврдена дискриминација во периодот од јануари до март 2025 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

## ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во првиот квартал на 2025 година, до КСЗД се доставени 113 претставки*, и тоа 95 од физички лица и 18 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2024 година, бројот на поднесени претставки е намален за 17%.




Од подносителите физички лица 8 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 44 (51%) биле мажи и 43 (49%) биле жени.




Во однос на националната припадност, 49 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 24 биле Македонци, 9 Роми, 3 Албанци, 2 Срби, 2 Турци, 2 Власи и 1 Бошњак. Тројца подносители на претставки се изјасниле за друга припадност.




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (19 претставки). Поднесени се и 10 претставки од родители во име на нивните деца.
Податок за возраст не доставиле 37 граѓани.

*за 14 претставки, КСЗД со заклучок оформи 6 посебни постапки, бидејќи се утврди дека дел од претставките од различни подносители се однесуваат на иста правна работа (повеќекратни пријави за исти настани).

# МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




57 претставки поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- 14 од Битола
- пет од Велес
- по четири од Куманово и Прилеп
- по две од Берово, Делчево, Кавадарци, Кичево, Охрид, Радовиш, Тетово и Штип
- по една претставка од Виница, Врапчиште, Гостивар, Дојран, Кочани, Крива Паланка, Крушево, Новаци и Струмица.

Две претставки се поднесени од граѓанска организација со седиште во Белгија, а двајца подносители на претставки не доставиле адресен податок.

# ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ПРВИОТ КВАРТАЛ НА 2025




Во првото тримесечје на 2025 година, КСЗД донесе вкупно 73 одлуки по предмети за заштита од дискриминација.

Донесени се 29 мислења од кои во 14 случаи се утврди дискриминација, а во 15 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало или била запрена постапката по 44 претставки.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директната дискриминација е најчестиот утврден вид на дискриминација во 1-от квартал на 2025 година.

Утврдени се и случаи на индиректна дискриминација, вознемирување, сегрегација и повикување, поттикнување и инструкција на дискриминација.

Во еден од случаите КСЗД утврди дискриминација од потежок облик во форма на продолжено вознемирување.

## Основи на утврдена дискриминација




КСЗД во 1-от квартал на 2025 година утврди 5 случаи на дискриминација врз *друга основа*. Од нив, четири се во врска со членување, односно нечленување во синдикална организација, а еден е врз основа на место на живеење и висината на месечните приходи.

Етничката припадност е втора најчесто утврдена основа, а во еден од случаите истата е утврдена како расна и етничка сегрегација. Дискриминација се утврди и врз основите сексуална ориентација, припадност на маргинализирана група, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба и имотен статус.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во 1-от квартал на 2025 година, биле утврдени во областа на работата и работните односи. КСЗД утврди дискриминација и во областите пристап до добра и услуги, образование, наука и спорт, јавно информирање и медиуми (социјални мрежи) и култура. Во два од случаите утврдена е дискриминација сторена во две области: образование и пристап до добра и услуги.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Сегрегација кон ученици Роми во Велес

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди постоење на сегрегација врз основа на расна и етничка припадност во областа на образованието, спроведена од страна на ООУ „Панко Брашнаров" – Велес и Општина Велес, насочена кон учениците Роми.

Во насока на надминување на оваа состојба, Комисијата упатува неколку препораки:

Училиштето да преземе конкретни мерки за десегрегација на паралелките и да воспостави редовна практика на одржување воннаставни активности со едукативна и инклузивна содржина, кои ќе ја поттикнат социјалната интеракција меѓу учениците Роми и учениците од другите етнички заедници.

Општина Велес, при креирање на планот за реонизација, да внимава распределбата на учениците Роми да не резултира со нивна концентрација во едно училиште и да ја прекине праксата на одобрување упис во училишта надвор од утврдениот реон.

Дополнително, општината да организира обуки за сензибилизација на вработените во секторот за образование и на раководните тимови во основните училишта, со цел да се подигне свеста и да се спречи појави на расна и етничка дискриминација, вклучително и сегрегација.

Комисијата ќе продолжи да го следи спроведувањето на овие препораки и очекува соработка од сите засегнати страни во интерес на секое дете, еднакво и достоинствено.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

## Директна дискриминација врз основа на попреченост во пристап до нотарските услуги

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди постоење на директна дискриминација врз основа на попреченост во пристапот до нотарски услуги, како и вознемирување од страна на нотарка во односот со лице со попреченост.
Во насока на надминување на оваа неправда и обезбедување еднаков третман, Комисијата ги упатува следните препораки:

Министерството за правда да предложи измени и дополнувања на Законот за нотаријат, со кои ќе се елиминираат дискриминаторските одредби и ќе се овозможи еднаков пристап до нотарските услуги за лицата со попреченост.

Да се извршат измени на Нотарската тарифа, со цел лицата со попреченост да имаат ист финансиски трошок при користење на нотарски услуги, како и останатите граѓани.
Нотарската комора да подготви Прирачник за постапување на нотари со странки со различни видови попреченост, што ќе им помогне на нотарите во практичното обезбедување пристапност и почитување на достоинството на сите граѓани. Исто така, Комората да ги измени одредбите во Кодексот за професионална етика на нотарите, со цел усогласување со Законот за спречување и заштита од дискриминација и јасно дефинирање на обврските за недискриминаторско постапување.

Комисијата ќе продолжи внимателно да го следи спроведувањето на овие препораки и изразува надеж дека институциите ќе дејствуваат со сериозност и одговорност, во интерес на унапредување на правата и достоинството на лицата со попреченост.

Повеќе за случајот прочитајте на следниот линк.

КСЗД
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk